# СТЕНОГРАФКИ БЕЛЕШКИ

од Дваесет и осмата седница на Собранието на

Република Македонија, одржана на 27 јуни 2003 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Никола Поповски, претседател на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ја отворам Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ристана Лалчевска, Елеонора Петрова-Митевска, Јордан Михајловски, Гајур Сарач, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Силвана Бонева, Пеце Наумовски, Сашко Кедев, Ѓорѓи Оровчанец, Ганка Самоиловска-Цветанова, Слободан Чашуле, Слободан Најдовски и Трифун Костовски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Присутни се 90 пратеници.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија и претседателот и членовите на Владата.

Оваа седница ја свикав по барање на претседателот на Владата на Републлика Македонија заради рагледување на предлог за именување заменици на министрите за внатрешни работи и економија.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред

- Предлог за именување заменици на министри во Владата на Република Македонија.

Ве повикувам да гласаме.

(Пратеникот Коце Трајановски бара збор процедурално)

Барањето за седница е по итна постапка од страна на премиерот и во чинот на гласање нема дебата.

Ако барањето збор не е за гласањето, ќе ви дадам збор, само да завршиме со чинот на гласањето.

Гласале 62 пратеници, 60 за и 2 воздржани.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Има збор господинот Коце Трајановски, процедурално

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, со оглед на тоа што е ова итна седница, според член 64 став 2 од Деловникот, во итни случаи претседателот може да свика итна седница, меѓутоа, со оглед на тоа што нам материјалот ни беше даден, денеска околу 10,00 часот, како пратеничка група бараме пауза од 1 час за да можеме да направиме координација, да се консултираме и да заземеме став.

Инаку, гледам дека материјалот е стигнат во Собранието на 25 јуни, а ние денеска го добивме. Сметам дека имаме право тоа да го добиеме. Не би требало да ни го ускратите ова за да можеме да заземеме став по оваа точка.

Пртетседателе, еве тука не е присутен ниту претседателот на Владата на Република Македонија, исто така додека го чекаме него, ние можеме да ја направиме координацијата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Барате пауза или имате забелешка не неприсуството?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Пауза бараме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Објавувам пауза до 13,00 часот.

(По паузата)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

**Минуваме на точка 1 - Именување на заменици на министри на Владата на Република Македонија.**

Предлогот за именување на заменици министри Ви е доставен. Ве потсетувам дека именувањето заменици на министри се врши со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Отворам претрес по Предлогот Хазби Лика да биде именуван за заменик на министер, кој раководи со Министерството за внатрешни работи.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Господин Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Очигледно е дека денес имаме избор на двајца заменици министри за да се пополни оној простор на претходните двајца кои што поднесоа оставка и да

бидам искрен кога слушнав утрото дека се закажува итна седница по предлог на Владата за избор на членови во Владата, помислив дека еве на потег ќе имаме некоја реконструкција. Меѓутоа, ова е само пополнување на некој простор кој претходно е испразнет.

Би сакал да кажам само неколку работи по однос на предлогот кој што го спомнавме, значи г. Хазби Лика. Читајќи ја биографијата, навистина, не знам што да извлечам како заклучок доставена од Владата до нас и испаѓа дека е доста богата биографијата, се на се три реченици. Значи, доволно податоци овој господин да го избереме за заменик министер. Или , Владата немала повеќе податоци за г. Лика, или е тоа негова комплетна биографија за која што вака гледано е доста штура. Меѓутоа, едно е јасно и очигледно дека господинот Хазби Лика е апсолутно компетентен да биде заменик министер за внатрешни работи, со оглед што човекот дипломирал на Факултетот за јазици и книжевност во Тирана. Ова е навистина во контекст на сето она што, ако се земе од почеток уште кога се бираше Владата, тогашниот мандатор, сега премиер, останува доследен на своите принципи. Тоа е добро и не е во ред човек да ги менува принципите преку ноќ, што значи кога уште ја составувавме Владата беше принцип што повеќе да се измешаат лончињата. Значи, вистинските луѓе да дојдат на вистинско место. Сега, се поставува прашањето, па зошто не и еден јазичар да биде заменик министер за внатрешни работи, акоземеме предвид дека може и банкар да биде министер за внатрешни работи, зошто не и јазичар. Од друга страна, пак, ако земеме предвид дека господинот министер за внатрешни работи во многу случаеви прави одредени гафови, барем кога дава одредени изјави, дали се тоа од парламентарна говорница или на пресови, не е лошо да му се најде негов заменик, поготово јазичар, барем да го опоменува на она кога прави грешки од тој аспект. Сега, колку е стручњак да речам за јазик и книжевност, може пак во делот на македонскиот јазик да му помогне, тоа е друго прашање. Одиме доследно до крај. Оваа Влада со своите заменици ќе биде запамтена по фактите кои што претходно ни се случуваат ако кадарот бил промашен, сега да го погодиме, а од друга страна, гледајќи вака како што ни се предлагаат замениците министри, веројатно, утре кога ќе дојде реконструкција, да бидам искрен, мене сето тоа ме потсетува на прикаската со Султанот, кога имавме прилика да ја гледаме на К-15 продукција, кадек што и Султанот не бил најден кога вакви кадри поставувал на вакви места, се од проста причина, па би се поставило и прашањето дали и тој воопшто би бил Султан, кога ги поставува лицата на прави места. Не верувам дека г. Црвенковски се поучил од таа прикаска, меѓутоа во

пракса, останувајќи доследен на она што го започнал од почеток, очигледно е дека некоја поврзаност има. Според тоа, како ни работи Министерството за внатрешни работи и колку успеавме со ваквото екипирање, особено на МВР да ја стабилизира безбедносната состојба, иако тоа беше наговестено како еден од ударните елементи во елаборатот на господинот Црвенковски, дека токму заради тоа ДУИ влегува во коалиција, јас мислам дека навистина со сега еден ваков кадар, состојбата на безбедносен план во Република Македонија ќе биде уште подобра. Значи, сега е добра, стабилна, слушнавме вчера од заменик премиерот, а сега после ова кадровско решение, ќе биде уште подобра, во тоа сум сигурен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓа Арифи.

ТЕУТА АРИФИ:

Почитуван претседателе, почитуван премиер, почитувани пратеници,

Пред вас е една скромна биографија на г. Хазби Лика. Таа биографија е скромна биографија и се посветува на скромноста на г. Хазби Лика, кој како што се гледа дал многу малку податоци за себе.Сакам да зборувам пред вас и во овој случај да го поддржам овој избор кој што се прави, од причина што сакам да кажам дека г. Хазби Лика е мој партиски колега, колега со кого ние сме почнале основање на ДУИ. Овој успех кој што го има забележано нашата партија во голема мерка се посветува токму на интензивната работа, која што ја има направено на терен и во организација господин Лика. Тој е фамилијарен човек, човек кој што има две деца и човек кој што исто така од својата работа го двои посебно скромноста. Тоа е човек со кого што вреди да се соработува и со кого се има успех на работа.

Вистина е дека г. Лика завршил Факултет за јазик и книжевност. Можеби нема завршено и полициска академија и ова се посветува на тоа што сите албанци во минатото, поради дискриминација, големите дискриминации што се правеа и немаа можност да поминат полициски школи. Не случајно во имплементирањето на Охридскиот договор на димензиите на вклучувањето на Албанците се посветува толкаво значење. Меѓутоа, г. Лика има едно искуство, интересно искуство токму со фактот, бидејќи бил прогонуван од 18 години во минатите системи, токму успеал да посведочи дека вредностите, демократските вредности се тие за кои што вреди да се ангажираме и како политичка партија, како Парламент и како други окружоци.

Затоа, мислам дека со г. Лика се добива еден важен фактор и успешен фактор во Министерството за внатрешни работи и на овој начин апсолутно ќе биде еден голем придонес за стабилноста на земјата, како што и треба да биде навистина. Затоа, јас мислам дека немаат право многу луѓе да зборуваат за одговорностите на некого и тоа без да се знае ништо за него, имајќи го предвид фактот на компетентностите и на перформансите, кои што ги имале министрите за внатрешни работи во периодот на конфликтите во 2001 година, уште повеќе кога како последица на раководење исклучително негативни раководења во МВР, стигнавме до ситуација, како што беше случајот на Љуботен и други случаи. Верувам дека со ова решение граѓаните на Македонија ќе добијат фактички една личност, компетентна личност која ќе има предвид дека пожитувањето на човековите права, секогаш останува значаен приоритет, било да е тоа и во рамките на активностите на внатрешните органи.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе, господин премиер, почитувани колеги,

Имаме случаи кога се повлекуваат двајца заменици во два важни ресори и се предлагаат двајца нови кои сега ќе дојдат, за кои од предлогот многу малку можеме да разбереме што работеле, како работеле, кои резултати ги постигнувале, како биле оценувани за нивната работа, и се разбира, немаме што да кажеме за тоа. Не можеме да кажеме ништо, ни добро, ни лошо за тие луѓе. Меѓутоа, проблемот е во нешто друго. Колку што гледавме ние од медиумите, едниот од овие двајца што сега ќе бидат заменети, што се повлекле, не ни дошол во канцеларијата, не ни дошол да ја преземе должноста, барем така пишуваше во медиумите. Другиот работи во ресорот, каде што ни се случуваат големи возбудувања и потреси во државата, каде да кажеме еден светски познат организатор на трговија со луѓе, од рацете им бега, каде еден водач на банда со стотина полицајци го обиколиле, па си отиде и избега и крајот не може да му го најдат, па еве и во Скопје бомби ни пукаат. Наместо, премиерот добро да размисли што треба да се прави во ресорот и кои промени да ги направи и што да се случи во државата и во Владата, за да може да се застане на пат на тие појави, сега се прави со човек кој никогаш немал работа или контакт, освен ако бил прогонет, со таа материја и со таа област. Инаку, искуство

нема, сакаме нешто да пробаме во таа работа. Јас мислам дека го водиме човекот на еден терен да направи грешки, па потоа заменувајќи го него да можат да се правдаат оние кои не се во состојба да ја тераат работата во областа на безбедноста. Сакам да нагласам дека не мислам ни министерот ни премиерот дека не оди на нивна сметка се ова што се случува лошо во областа на безбедноста. Без оглед што тој сега го заменува заменикот, тие се двајца најодговорните луѓе во областа на безбедноста. На нив оди целата таа работа. Не можат да се извлечат од одговорност. Затоа, сакам да кажам дека вакви потфати, ситни трикови со кои се обрнува внимание како нешто да се прави во две области, каде апсолутно не одат добро работите, очигледно, не треба да мислиме дека нешто решаваме. Мислам дека тоа е некоја внатрешна коалициона работа, некое недоразбирање со луѓето што биле сега, сега ќе дојдат, но за подобрување на работата во Владата, не гледам дека нешто се прави. Заради тоа, ние нема да гласаме за овие предлози.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Само сакам да се дополнам г. претседателе и да го изнесам ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Ние уште од почеток при формирање на Владата, кажавме дека било каков предлог кој доаѓа од партијата ДУИ и воопшто таа коалиција до ДУИ нема да ја поддржуваме, што значи дека и овој пат ќе гласаме против. Само би сакал да дополнам уште нешто од она што претходно го кажав. Мислам дека премиерот не остана доследен во една работа кога најави и вети дека барем за луѓе кои директно учествувале во воените дејствија и во конфликтот нема да има место во Владата на Република Македонија, без разлика дали е министер или заменик. Нашите податоци кои ние ги имаме, располагаме со такви податоци што ова лице имало директно учество во воените дејствија на позиција на командант на 112 -тата Бригада во рамките на ОНА, што значи дека директно учествувал во десјтвијата кои што беа превземени во 2001 година. Значи, ако сме доследни на она што го велиме дека за такви луѓе нема место во Владата, не знам сега зошто се прекршува тоа. Остануваме на она што го кажавме и нашиот став е ќе гласаме против.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклужувам претресот.

Предлогот Хазби Лика да биде именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за внатрешни работи, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 78 пратеници,  60 гласале за, 2 воздржани и 16 против.

Не сте пријавен господине Шакири.

ХИСНИ ШАКИРИ:

Имајќи го предвид фактот дека според резултатите кои што се претставија на екранот, јас се сомневам во резултатот и го користам правото според Деловникот за работа да барам поединечно гласање. Мислам дека имам поддршка од пратениците за моето барање, за да се гласа поединечно. Имам право на тоа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дозволете, прво, да го објавам резултатот од гласањето, па потоа вашето ...

Гласале 78 пратеници, 60 за, 2 воздржани и 16 против.

Констатирам дека Хазби Лика не е именуван за заменик министер кој раководи со Министерството за внатрешни работи.

Господинот Хисни Шакир, согласно Деловникот, се работи за плус минус 5 гласови, за ова е потребно 61 пратеник, тука има минус 1 пратеник, е возможно, дали има поддршка по Деловникот?

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Пред да пристапиме конпоединечно гласање, го молам секретарот да изврши поединечно прозивање.

АЛЕКСАНДАР НОВАКОСКИ:

1. АБДИЛАЌИМ АДЕМИ За

I

| | | |
|---|---|---|
| 2. | РАФИС АЛИТИ | Отсутен |
| 3. | ИВАН АНАСТАСОВСКИ | За |
| 4. | СТОЈАН АНДОВ | Против |
| 5. | АНА АНДОВА | За |
| 6. | ПЕТАР АПОСТОЛОВ | За |
| 7. | НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ | За |
| 8. | ТЕУТА АРИФИ | За |
| 9. | СЛАВЕ АРСОСКИ | За |
| 10. | ФАТМИР АСАНИ | Отсутен |
| 11. | АЛИ АХМЕТИ | Отсутен |
| 12. | ЉУПЧО БАЛКОСКИ | Против |
| 13. | ВЕСНА БОРОЗАН | За |
| 14. | НЕВЗАТ БЕЈТА | За |
| 15. | НАЗМИ БЕЌИРИ | За |
| 16. | НАТАША БИКОВСКА | За |
| 17. | РИСТЕ БИСЛИМОВСКИ | Отсутен |
| 18. | СИЛВАНА БОНЕВА | Отсутна |
| 19. | ЉУБЕ БОШКОСКИ | Отсутен |
| 20. | АГРОН БУЏАКУ | Отсутен |
| 21. | АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ | За |
| 22. | ФАЗЛИ ВЕЛИУ | За |
| 23. | ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ | За |

I

24. ЦВЕТАНКА ГАШОСКА За

25. ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ Отсутен

26. МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ Отсутен

27. БЛАГОЈА ГЕШОСКИ За

28. КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ За

29. БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ За

30. СЛАВИЦА ГРКОВСКА За

31. НИКОЛА ГРУЕВСКИ Отсутен

32. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ Отсутен

33. ЗАМИР ДИКА Отсутен

34. АНГЕЛ ДИМИТРОВ За

35. КИРО ДОЈЧИНОСКИ За

36. САШО ДОХЧЕВ За

37. ВАНЧО ЃОРГИЕВ За

38. ДРАГАН ЃОРЃИЕВ За

39. МАРЈАН ЃОРЧЕВ Отсутен

40. АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ За

41. ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО Отсутен

42. ЦВЕТАНКА ИВАНОВА За

43. ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА За

44. ИГОР ИВАНОВСКИ За

45. ВЛАДО ИЛИЕВСКИ За

I

| | | |
|---|---|---|
| 46. | ЦВЕТЛЕ ЈАНЕСКА | За |
| 47. | АДНАН ЈАШАРИ | За |
| 48. | ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ | За |
| 49. | НИКОЛА Б. КАМЧЕВ | За |
| 50. | ЖАРКО КАРАЏОСКИ | Против |
| 51. | САШКО КЕДЕВ | Отсутен |
| 52. | ИЛИЈА КИТАНОСКИ | Отсутен |
| 53. | МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА | Против |
| 54. | БОРИС КОНДАРКО | За |
| 55. | ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА | За |
| 56. | ТРИФУН КОСТОВСКИ | Отсутен |
| 57. | ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ | Против |
| 58. | ЗОРАН КРСТЕВСКИ | Отсутен |
| 59. | РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА | Отсутна |
| 60. | СОЊА ЛЕПИТКОВА | За |
| 61. | ХАЗБИ ЛИКА | За |
| 62. | СПИРО МАВРОВСКИ | Против |
| 63. | ЈАНИ МАКРАДУЛИ | За |
| 64. | ЕФТИМ МАНЕВ | Против |
| 65. | РУЖДИ МАТОШИ | Отсутен |
| 66. | НЕДИМ МЕМИШОСКИ | За |
| 67. | ЉУПЧЕ МЕШКОВ | Против |

I

| | | |
|---|---|---|
| 68. | БЛАГОРОДНА МИНГОВА - КРЕПИЕВА | За |
| 69. | ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ | Отсутен |
| 70. | РАФЕТ МУМИНОВИЌ | За |
| 71. | НЕЖДЕТ МУСТАФА | За |
| 72. | СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ | Отсутен |
| 73. | ЏЕВДЕТ НАСУФИ | Отсутен |
| 74. | ПЕТАР НАУМОВСКИ | Отсутен |
| 75. | МИТЕ НИКОЛОВ | За |
| 76. |ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ | Отсутен |
| 77. | ГЗИМ ОСТРЕНИ | За |
| 78. | ЃОРГЕ ПАЉОШКОВСКИ | Против |
| 79. | ВЛАДО ПАУНКОВ | За |
| 80. | АНГЕЛКА ПЕЕВА-ЛАУРЕНЧИЌ | За |
| 81. | РИСТО ПЕЈОСКИ | Против |
| 82. | ТИТО ПЕТКОВСКИ | За |
| 83. | КАМЕ ПЕТРОВ | За |
| 84. | ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА - МИТЕВСКА | Отсутна |
| 85. | ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА | За |
| 86. | НИКОЛА ПОПОВСКИ | За |
| 87. | КОСТА ПРЕШОСКИ | За |

| | | |
|---|---|---|
| 88. | ИСМЕТ РАМАДАНИ | За |
| 89. | ЕСАД РАХИЌ | За |
| 90. | КАРОЛИНА РИСТОВА | За |
| 91. | ЕЈУП РУСТЕМИ | За |
| 92. | ГАНКА САМОИЛОВСКА - ЦВЕТАНОВА | Отсутна |
| 93. | ГАЈУР САРАЧ | Отсутен |
| 94. | ЃОРЃИ СПАСОВ | За |
| 95. | ИЛИЈА СРБИНОВСКИ | Против |
| 96. | ВАНЧО СТАМЕНКОВ | Против |
| 97. | СЛАВИЦА СТАНКОВСКА | За |
| 98. | ИВАН СТОИЛКОВИЌ | За |
| 99. | БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ | Против |
| 100. | НЕЛКО СТОЈАНОСКИ | За |
| 101. | ТАСИМ СУЛЕЈМАНОСКИ | За |
| 102. | ОРДАНЧО ТАСЕВ | Против |
| 103. | МЕНДУХ ТАЧИ | Отсутен |
| 104. | ЗОРАН ТОМИЌ | За |
| 105. | РОЗА ТОПУЗОВА-КАРЕВСКА | За |
| 106. | КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ | Против |
| 107. | ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ | Против |
| 108. | ТОМЕ ТРОМБЕВ | За |

| | | |
|---|---|---|
| 109. | АДНАН ЌАХИЛ | Отсутен |
| 110. | НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ | За |
| 111. | ИЛЈАЗ ХАЛИМИ | Отсутен |
| 112. | ЌЕНАН ХАСИПИ | За |
| 113. | ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАТ | За |
| 114. | СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ | Отсутен |
| 115. | ТАЛАТ ЏАФЕРИ | За |
| 116. | ЗИДИ ЏЕЛИЛИ | Отсутен |
| 117. | ДРАГО ШАЈНОСКИ | Против |
| 118. | ЗОРАН ШАПУРИЌ | За |
| 119. | ИСНИ ШАЌИРИ | За |
| 120. | ЏЕЗАИР ШАЌИРИ | Отсутен |

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

По повтореното поеминечно гласање, констатирам дека гласале 86 пратеници, за предлогот гласаа 69, против гласаа 17, а од гласањето не се воздржа никој.

Врз основа на тоа констатирам дека Хаби Лика е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за внатрешни работи.

(Аплауз)

Отворам претрес по предлогот Куртали Сеити да биде именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за економија.

Има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе,

Пред се би сакал да ви заблагодарам на паузата што ни ја дадовте за да може малку да се подготвиме за оваа точка. Бидејќи е итна седница, немавме можност и затоа ја побаравме таа пазуа.

Денеска на дневен ред на оваа 28-ма седница е предлогот за именување на двајца заменици министри, еден во Министерството за внатрешни работи, а другиот во Министерството за економија на Република Македонија.

Пред неколку дена, замениците министери поднесоа оставка и тоа во согласност со законот, меѓутоа, не се образложи оставка, не е предмет на дискусија на оваа седница. Сакам да кажам дека нас како опозиција не интересираше зошто всушност овие двајца заменици министери дадоа оставка, меѓутоа, тоа беше на дневен ред на претходната седница.

Значи, сега имаме два предлога и јас би сакал да дискутирам за предлогот за заменик министер во Министерството за економија да биде предложен господиот Куртали Саити. Господинот доаѓа од Гостивар, гледајќи по неговата биографија, од местото помошник директор на Стопанска банка АД - Скопје, Филијала Гостивар. Меѓудругото, работел и на кредитирањето на стопанството и нашите сознанија говорат дека неговиот ангажман во унапредувањето на стопанството е катастрофален и практично е еден од виновниците за лошата состојба во стопанството во Гостивар меѓу другите работи.

Меѓутоа, од другата страна и покрај таквите сознанија, јас не би сакал понатаму да елаборирам за неговата работа, најзначајно е тоа што тој сега се предлага да се унапреди во заменик министер во Министерството за економија, значи човек кој што не се докажал во една област на локално ниво, сега ние го унапредуваме во заменик министер на Министерството за економија на државно ниво.

Мислам дека се прави грешка, бидејќи ако тој не помогнал на гостиварското стопанство, уште помалку или воопшто не може да помогне на македонското стопанство.

Значи, треба да се запази критериумот на квалитетни луѓе, бидејќи состојбата во стопанството е таква што не дозволува да имаме импровизации при кадровската политика. Таа лоша состојба во стопанството, не е од сега, се провлекува деценија и повеќе наназад, меѓутоа, уште следната година ескалираат со штрајкови, со отпуштање од работа од јавни претпријатија, од државни органи. Тие луѓе би требало да најдат работа меѓу другото и во стопанството, кое што треба да го зајакнеме, меѓутоа, со предлагањето на такви кадри, ние се сомневаме дека

тоа нешто ќе се оствари. Значи, се повеќе ќе се продолжи со пропаѓањето на македонското стопанство.

Ние сметаме дека не е запазен основниот критериум, стручни и успешни луѓе да доаѓаат на високи функции во Република Македонија, независно од нивната политичка, етничка или верска определба. Овде очигледно дека се работи за политичка одлука, значи дадено е местото на еден коалиционен партнер и тој треба да го предложи тој кадар, ненавлегувајќи во неговите квалитети.

Мислам дека треба да се надмине таа состојба, иако е од таа политичка партија, треба да се бара човекот да одговара за местото на кое што тој се предлага. Нашиот став за партијата ДУИ се знае, ние сме против таа да биде во власта во Република Македонија. Не сме против да биде партија во опозиција, меѓутоа, кога веќе се на позиција, бараме да предлагаат луѓе од таа партија, кои што навистина ќе бидат квалитетни и успешни, за да можеме да го заздравиме македонското стопанство.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Јани Макрадули бара реплика.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Очигледно денес не можам да се изначудам на блокадата на меморијата што ја имаат пратениците од ВМРО-ДПМНЕ за последните четири години и за јавноста да ја информирам дека за жал предложениот кандидат не е сметководител во “Шарско јагне”  и да остане за министер за економија, туку е помошник директор во Стопанска банка.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, јас би ве замолил уште еднаш координаторот на СДСМ на најголемата позициона партија, која што ги доби изборите на 15 септември, во неговите реплики и во неговите излагања, да не се служи со такви поими и со такви фрази. Ако има да реплицира, нека реплицира на содржината и со аргументи.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Благодарам.

Ве поздравувам сите. Не се чудам на дискусијата на координаторот на парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ кога се договри за кадрите на ДУИ. Не избираат зборови кои ги кажуваат пред пратениците и пред јавноста и неприфатливи се зборовите за можниот кандидат за заменик министер за економија. Тој е граѓанин на Гостивар. Тој е интелектуалец, докажан интелектуалец и докажан во сопствената професија. Многу почитуван во колективот каде што работел повеќе од скоро две децении, а тоа не е едноцаионален колективен, туку мешан, каде работат македонци, албанци и други и тој ужива посебна почит таму и не случајно тој е предложен за кандидат за заменик министер за економија. Сакаме да ви укажеме дека за него говориме како интелектуалец. Тој е дипломиран економист, а доколку ви пречи фактот дека дипломирал на приштинскиот универзитет, тогаш нека се занимаваат со самите себе, а не со нашите луѓе.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Трендафилов.

Прво господин Трајановски ќе добие збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, ќе бидам краток. Ние ќе се занимаваме со себеси кога ќе бидеме предложени за заменици министри во соодветни министерства. На дневен ред е избор на заменик министер во Министерството за економија. Ние за тоа дискутираме. Кога ќе бидеме ние на дневен ред, тогаш ќе се дискутира.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Со жалење мораме да констатираме дека Владата на Република Македонија и понатаму, за жал, е жаложник на одредени политички состојби во Република Македонија и сеуште не може да најде политичка волја да ги надмине овие состојби. Јас би сакал само да истакнам конкретно за тоа што е примарна обврска на Министерството за економија и на господинот Илија Филиповски. Во оваа прилика само би обрнал внимание дека од 15 септември минатата година до денеска, во општина Велес 3.000 луѓе веќе ги имаат изгубено своите работни места. Мислам дека повеќето од нас ќе се согласат дека за град како Велес, со сета негова инфраструктура, популација и производствени капацитети 3.000 работни места е далеку, далеку неиздрживо, дури за економии кои се поразвиени од македонската. Мислам дека Владата на Република Македонија и Министерството за економија треба да се фокусираат на овие моменти, а не да се занимаваат со кадровски решенија, кои едноставно само пополнуваат место без да имаат било каква содржинска функционалност за позицијата на која се избрани.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Жерновски се јави за збор.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Процедурално и реплика.

Последнава дискусија, јас навистина незнам каква врска имаше со оваа тема. Меѓутоа, во желбата да се биде конструктивна опозиција навистина си се исмејувате со својата партија и ме напаѓате. Јас немам намера, од името на пратеничката група, ниту лично да бранам, или да напаѓам одредена биографија. Меѓутоа, напаѓате лица кои што имаат книжевност, и со премиерот разговаравме надвор за време на кратката пауза. Вие заборавате дека книжевник ви беше претседател на партија, четири години премиер. Можеби некој од кај вас смета дека е побитно да се биде министер за внатрешни работи, отколку премиер. Да ве потсетам дека истиот тој премиер беше и за време на кризата и министер за внатрешни работи како книжевник.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Трендафилов реплика.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Жерновски, иако самите кажавте дека не сфаќате за што зборуваме, сепак, би сакал да го истакнам следново.

Дали имате информација колку факсирани дипломи од факултетот за албанистика и книжевност од Тирана се дистрибуирани во Република Македонија, а колку таква пракса постои во рамките на Филолошкиот факултет “Св.Кирил и Методиј”.

Господине Поповски, би ве замолил да интервенирате да не дофрлуваат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжете со дискусија.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Значи, дури и тоа е релевантно за она што јас го зборував во моето излагање. Силно верувам дека примарна обврска на Министерството за економија е да се погрижи за благосостојбата и просперитетот на граѓаните на Република Македонија. За жал, уште еднаш ќе потенцирам ОД 15 септември минатата година, до денеска, во општина Велес отпуштено е од работа 3.000 работници. Ние можеме да спориме колку земале плата во периодот за време на владеење на ВМРО-ДПМНЕ, можеме да спориме каков бил односот на таа Влада кон нив. Но, 3.000 работници ги имаат своите работни места и верувам дека и вам господине Жерновски ви е јасно дека карактерот за градот како Велес, 3.000 работни места се премногу.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има реплика господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Жерновски јас можам да ве разберам, да речеме дека еден книжевник или еден јазичар, мислам таа диплома и таа професија не ви смета што ќе биде заменик министер за внатрешни работи, но да не ви смета како македонец

дека тоа лице учествувало во масакрите во Вејце, во Шипковичка кривина и Карпалак и ако се тоа критериуми за да биде заменик министер, мислам дека како македонец треба малку да се замислите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Хисни Шакири.

ХИСНИ ШАКИРИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Денес имаме една точка на дневен ред, Избор на двајца заменици министри, едниот за внатрешни работи, а другиот за економија, кандидати кои се предложени од ДУИ.

Да ви кажам јас не бев заинтересиран да се вклуам во дебатата, но последните дискусии од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ ме приморaа да излезам и јас да кажам неколку зборови околу вистината која ја знае целата македонска јавност, сите граѓани на Македонија дека ниту еден кадар на ДУИ досега односно ниту еден функционер до сега не е фатен со фалсификувана диплома, а ние добро знаеме дека од претходната структура, од кадрите на ВМРО-ДПМНЕ, пронајдени се голем број на кадри кои со години вршеле високи функции во претходната Влада, а целата јавност македонска знае за тие дипломи. Затоа е добро, секогаш кога говориме да имаме одговорност и да ја браниме вистината. Тоа е вистината господине. Јас ве повикувам, повелете со податоци да се соочиме, дали постои еден кадар од ДУИ кој е фатен со фалсификувана диплома, а такви од ВМРО-ДПМНЕ, со купени дипломи, се фатени. Тоа вие подобро го знаете отколку Хисни Шакири и многу повеќе од било кој активист на ДУИ.

Второ, беше речено дека кандидатите имаат многу кратка биографија и дека не е кажано нешто многу за нивната биографија. Вистина е дека тие имаат една мала, редуцирана, обична биографија, но пред се, нема да има ниту еден кадар биографија наполнета со корупција, со крадење. Овие работи мора да се имаат предвид. До колку такво нешто се случи со кадар од ДУИ, јас мислам дека, ниту во рамките на коалицијата. Сите ние сме за тоа да се бориме против корупцијата. Затоа нивната куса биографија е скромна. Ние и натаму сакаме во нивните биографии да не се пишуваат работи кои не ги сакаат ниту граѓаните на РМ ниту ние ги посакуваме. Затоа ние ќе чекориме со ваквите кадри, луѓе кои имат многу скромна, обична биографија, како чесни граѓани и кои ќе бидат на чело на овие функции.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика бара господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Мене ми е многу јасно дека на пратеничката група на ДУИ и особено на господинот Шакири, очигледно не му е јасно што е корупција. Тие сигурно не знаат што е тоа. Меѓутоа да се обвинува нешто за некакви фалсификувани дипломи кои постоеле кај нас, а да не се каже што е тоа, значи може да се зборува напамет, поточно ако знаат каде има таков пример, нека го изнесе јавно, зошто мора да се прикрива. Само да се зборува напамет, не е во ред.

Од друга страна, господине Шакири да ве прашам, ако не знаете што е корупција, криминал и тн., дали сметате дека илегалното вооружување на ОНА, сите средства кои ги користевте за да ја вооружите таа организација и тн. се на легален начин стекнати и дојдено до тие средства.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Шакири.

ХИСНИ ШАКИРИ:

Ќе се обидам да бидам што поконструктивен.

Вистина е дека Хисни Шакири не познава една професија која што не ја вршел. Вистина е дека корупцијата јас не ја познавам, господине Караџоски, бидејќи никогаш не сум се занимавал со корупција и нема да дозволам да се занимавам со корупција. Уште еднаш да кажам, таа професија која не сум ја вршел, не ја познавам. Тоа е едно.

Второ, господине Караџоски, јас мислам дека во вакви случаи не треба да сте тенденциозни.

Ќе почнам од неколку принципи кои се фундаментални и мислам, фундаментот на се ова што јас денес го велам, постои токму во ова. Ако зборуваме за минатиот период, господине Караџоски, минатиот период со кој јас не сакам да се занимавам, е поболен за мене отколку за вас. Меѓутоа, целиот тој процес е поминат и да го оставиме како таков, бидејќи обврска на сите нас е да создадеме една здрава основа во сите димензии. Затоа чекаме и во димензијата на економијата да рботиме, значи да одиме напред.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика на господинот Шакири има господинот Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Господинот Шакири не поздрави од оваа говорница сите нас пратеници.

Меѓутоа јас сакам да ја потсетам македонската јавност и господинот Шакири дека истиот тој го напушти Парламентот и не поздрави од Липково со пушка во рака и со воена униформа и преку нишан не поздравуваше. Само тоа сакам да го потсетам.

Второ, би сакал да му кажам во врска со дипломите.

ДУИ е нова партија и сега е на власт, значи директно дојде на власт, не била во опозиција. Дури кога ќе падне власта или кога ќе се смени власта, а некогаш ќе се смени, дури тогаш може да се зборува дали од кај нив има фалсификувани дипломи или нема, за што ја сега не би сакал да прејудицирам, меѓутоа времето ќе каже.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Каме Петров.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Имам реплика на господинот Трендафилов.

На 28 седници се воздржувам на господинот Трендифилов да не му реплицирам со оглед на тоа што сме сограѓани и дека барем пред граѓаните треба да покажеме учтивост, креативност, конструктивност и тн. Меѓутоа очигледно овде изнесува, со огромна горчина и жолч,м работи кои не се точни.

Моментално во општината Велес има невработени вкупно 14000. Така што во последните шест месеци има вкупно нови невработени од 200 до 300 лица. Од тука податокот што тој го изнесе, апсолутно не е точен. А ако смета евентуално на примерите со Топилница, со Лозар, со Порцеланка, тие што се во постапка, околу оценувањето на приватизацијата дали е  или не е криминална, тоа веќе е друга ситуација и тоа е сосема друга работа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика има господинот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас го почитувам господинот Каме Петров, пред се како мој сограѓанин, но до колку господинот Каме Петров се отповикаше на поканата и дојдеше на средбата која ние пратениците од ВМРО-ДПМНЕ ја имавме со регионалното претставништво на ССМ, ќе ги слушнеше бројките што јас ги кажав. Значи тоа не се бројки кои јас сега ги измислив. Тоа се бројки кои ми беа соопштени на состанокот на кој беа поканети и пратениците од позицијата, односно едниот е пратеник во позицијата, другиот е сега министер, ќе ги слушнеа, од регионалното раководство на ССМ тие бројки, дека околу 3000 луѓе во Велес ги изгубија своите работни места од 15 септември до денес.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Процедурално збор бара господинот Хасипи.

ЌЕНАН ХАСИПИ:

Господине претседателе, сосема кратко, јас би ве замолил, согласно надлежностите што ги имате како претседател на Собранието да вложите максимални напори да не заштитите од овие професионални репликаши. Навистина ова веќе нема смисла.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Куртали Саити да биде именуван за заменик министер кој раководи со Министерството за економија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 78 пратеници, 66 гласале за, никој нема воздржан и 12 гласале против.

Констатирам дека господинот Куртали Саити е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за економија.

Согласно членовите 6 и 101 од Законот за избор на пратеници во Собранието на РМ, со изборот на Хазби Лика за заменик на министер кој раководи со Министерството за внатрешни работи му престанува функцијата пратеник во Собранието на РМ.

Бидејќи пратеникот Хазби Лика е избран од листа на кандидати, потребно е ДИК да го извести Собранието за кандидатот од оваа листа на кој треба да му се

верификува мандатот за пратеник согласно член 102 од Законот за избор на пратеници во Собранието на РМ.

Со тоа ја заклучувам 28-та седница на Собранието на РМ.

(Седницата заврши во 14,05 часот).